| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Сонцето живот значи |
| **Содржина на денот** | Кој е посилен |
| **Возраст** | 4-6 години |
| **Воспитувач** | Драгана Аневски |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Посветување внимание на одржување на физичко растојание во надворешното опкружување |
| **Активности** | Поразговарајте за карактеристиките на воздухот и сонцето (слика 1). Детето нека размисли каков може да биде ветерот и вербално нека каже (силен ветер, студен ветер, тивок ветер) и карактеристиките на сонцето. Потоа прашајте го кој е посилен, ветерот или сонцето. На одговорот не негирајте ниту потврдувајте туку предложете му да му прочитате текст по серија слики со наслов „Кој е посилен“.<br>На крајот од читањето детето само нека даде заклучок во врска со точноста на неговиот одговор. За крај предложете му да го илустрира текстот со дрвени боици или восочни боици, или пак нацртајте му или испринтајте му сонце и со самолеплива хартија нека прави цепи – лепи (слика 2). Пуштете ја песната „Што ли прави сонцето“ од Поточиња 2008 додека работи.<br>Во прилог серија слики. |